KONRAD ADENAUER STIFTUNG

# Создавање европска општина: Политика на интегритет за 0 корупција

## Студија за интегритет во Општина Аеродром



www.kas.de

# Создавање европска општина: Политика на интегритет за 0 корупција

## Студија за интегритет во Општина Аеродром

Скопје, 2022 година

# Импресум

**Наслов:**
Студија за интегритет во Општина Аеродром

**За издавачите:**
Даниел Браун, официјален претставник на Фондацијата Конрад Аденауер во Република Северна Македонија
проф. д-р Сашо Георгиевски, декан на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје
Тимчо Муцунски, градоначалник на Општина Аеродром

**Автори:**
проф. д-р Ана Павловска-Данева, Правен факултет „Јустинијан Први“
проф. д-р Александар Спасеновски, Правен факултет „Јустинијан Први“

**Координација:**
Давор Пашоски, Фондација Конрад Аденауер
Бојан Никовски, Општина Аеродром

**Лектура:**
Ивана Коцевска

**Компјутерска подготовка и печат:**
Винсент Графика ДОО Скопје

**Публикацијата може бесплатно да се преземе на:**
https://www.kas.de/mk/web/nordmazedonien
http://www.aerodrom.gov.mk/

**Напомена:**
Фондацијата Конрад Аденауер, Правниот факултет „Јустинијан Први“ и Општина Аеродром не сносат одговорност за фактите и ставовите изнесени во публикацијата. Тие претставуваат лични гледишта на авторите.
Оваа публикација служи само за информативни цели. Таа не смее да се употребува во рамки на изборни кампањи.

# Содржина


**1. ЗАДНИНА 5**

**2. МЕТОДОЛОГИЈА НА РАБОТА 9**

**3. ДЕТЕКТИРАНИ РИЗИЦИ ПО ИНТЕГРИТЕТОТ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ 17**

3.1. Транспарентност......19

3.1.1. Ризик од сомнеж за тенденциозно необјавување информации од јавен карактер......19

3.2. Буџет и управување со средства......22

3.2.1. Ризик од сомнежи за фаворизирање при доделување средства на спортски клубови......22

3.2.2. Ризик од нереално планирање на буџетските расходи што доведува до нереални очекувања кај жителите......25

3.3. Управни постапки и услуги на странки......25

3.3.1. Ризик од сомнежи за злоупотреба на дискреционите овластувања на градоначалникот......25

3.3.2. Ризик од сомнежи за корупција поради нецелосна примена на начелото на делегирање на надлежноста за решавање на градоначалникот......27

3.3.3. Ризик од правна несигурност и невоедначено постапување во управните постапки поради недостиг од интерни процедури......29

3.4. Јавни набавки......30

3.4.1. Ризик да се јават сомнежи дека плановите за јавни набавки се менуваат поради субјективни причини......30

3.4.2. Ризик недоволната транспарентност околу плановите за јавните набавки да доведе до сомнежи за затскривање информации......34

3.4.3. Ризик да се јават сомнежи за регуларноста на јавните набавки поради честото поништување......35

3.5. Човечки ресурси......................................................................................................36
3.5.1. Ризик од непочитување на етичките стандарди во работењето на Општината и ризик дел од вработените да не ги извршуваат своите задачи..............................................................36
3.5.2. Ризик од сомневање дека се ангажираат блиски лица (лица со кои постојат роднински, пријателски, партиски или други релации).........................................................................................37

**4. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА 39**

1

# Заднина

# 1. Заднина

Проектот **„Создавање европска општина: политика на интегритет за 0 корупција“** ја расветлува поврзаноста помеѓу антикорупциските мерки и напори и градењето на систем на интегритет. Со други зборови, самиот проект е конструиран врз основа на премисата дека **градењето систем на интегритет претставува една од основните алатки во борбата против корупцијата**.[1]

Ако се направи обид да се објасни оваа релација (помеѓу антикорупциските мерки и практики и градењето на системот за интегритет), би дошле до следниот заклучок – поимот на интегритет подразбира еден широк круг на вредности, ставови и активности кои овозможуваат придржување до законите, но и до етичко однесување и меѓусебна почит помеѓу:

- вработените (еден вработен во организацијата кон друг);
- функционерите/раководните лица кон вработените и обратно;
- функционерите/раководните лица и вработените кон граѓаните/корисниците на услугите на дадената организација.

Поинаку речено, **интегритетот во себе го опфаќа спречувањето на корупцијата, но подразбира и други дејствија и активности кои ќе доведат до подобро работење на една организација**, а со тоа и до зголемување на довербата кај корисниците на услугите на таа организација. Следствено, доколку во една организација се воспостави систем на интегритет, нема да постои простор за коруптивно однесување.




1 За оваа релација говорат и бројни меѓународни организации, на пример, Организацијата за економска соработка и развој: https://www.oecd.org/gov/ethics/OECD-Recommendation-Public-Integrity.pdf (последна посета на 11.1.2022), Transparency International: https://www.transparency.org/en/corruptionary/integrity (последна посета на 11.1.2021), Канцеларијата на Обединетите нации за борба против дрога и криминал https://www.unodc.org/e4j/en/secondary/corruption-integrity-ethics.html (последна посета на 11.1.2021).

Проектот **„Создавање европска општина: политика на интегритет за 0 корупција“** е фокусиран на **Општина Аеродром**. Имајќи го предвид до сега наведеното, неговите основни цели се следните:

- **Цел 1:** намалување на можноста за корупција во Општина Аеродром преку детектирање на ризиците по интегритетот и формирање соодветни мерки за нивно неутрализирање.
- **Цел 2:** намалување на можноста за грешки во работењето на Општина Аеродром преку детектирање слабости во постапките за донесување одлуки (во најширока смисла на зборот).

За да се постигнат овие две цели, најнапред се изработува **оваа Студија за интегритетот во Општина Аеродром**. Во неа се претставени резултатите од анализата на работењето на Општина Аеродром, односно се посочуваат идентификуваните ризици по повод интегритетот на Општината. Понатаму, пак, ќе следува уште еден документ, а тоа е Прирачник за интегритетот на Општина Аеродром. Прирачникот се јавува како логички след на Студијата; имено, во него се предвидуваат мерки и активности за да се неутрализира секој од ризиците детектирани во Студијата.

| **Студија за интегритетот во Општина Аеродром** | | **Прирачник за интегритетот на Општина Аеродром** |
|---|---|---|
| » Се проучува работењето на Општината.<br>» Се детектираат ризици по повод интегритетот на Општината. | → | » Се предвидуваат мерки и активности за да се намалат ризиците кои се детектирани во Студијата. |

2

# Методологија на работа

# 2. Методологија на работа

Оваа Студија се изработуваше во периодот **јануари – март 2022 година**.

При утврдувањето на методологијата за работа се тргна од најдобрите искуства за спроведување на истородни анализи во Република Северна Македонија. Тука особено се зедоа методологии/обрасци/урнеци кои произлегле од постоечки и завршени проекти на невладиниот сектор,[2],[3] но и документи на јавни органи – Државната комисија за спречување на корупцијата,[4] Министерството за финансии[5] и други.

Откако беа проучени повеќе вакви документи, се зацрта методолошката рамка за изработка на оваа Студија.

**Прва активност** беше **прибирањето и анализирањето на документ (почесто наречена десктоп анализа)**. Оваа активност започна со прибирање документи кои се од значење за работата на Општина Аеродром. Тука, пред сѐ, спаѓаат законите и подзаконските акти, но и сите јавно достапни извештаи за работа и други релевантни документи. Дополнително, експертскиот тим се обрати непосредно до Општината со цел да ги добие оние неопходни документи кои не беа објавени на нејзината веб-страница:

2 Центарот за граѓански комуникации има продуцирано Прирачник за планови за интегритет на јавните набавки: https://www.ccc.org.mk/images/stories/priracnikmk.pdf (последна посета на 21.3.2022). Иако овој документ има потесен опфат и се однесува само на интегритетот на јавните набавки, од методолошка гледна точка тој може да се приспособи за изработка на каква било студија/анализа за интегритетот на еден јавен орган.

3 Планови за интегритет биле изработувани и во рамки на проектот „Зајакнати системи на интегритет за борба против корупција на локално ниво“: https://fosm.mk/current-project/foom-zapochnuva-so-sproveduvane-na-proektot-zajaknati-sistemi-na-integritet-za-borba-protiv-korupczija-na-lokalno-nivo/ (последна посета на 21.3.2022).

4 Види Методологија за проценка на ризиците од корупција за потребите на стратешкото планирање на борбата против корупцијата и судирот на интереси во Република Северна Македонија: https://dksk.mk/fileadmin/user_upload/2019/Metodologi__a_za_procenka_na_rizicite_od_korupci__a_02.10.2019_mk.pdf (последна посета на 21.3.2022).

5 Види Проценка на ризиците во планирањето на ревизијата: https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2009/03/Procenka-na-rizicite-vo-planiraweto-na-revizijata.pdf (последна посета на 21.3.2022).

| Реден број | Побаран документ: | Дали документот е доставен: |
|---|---|---|
| **1** | Пречистен текст на Правилникот за внатрешна организација на Општина Аеродром | Да |
| **2** | Пречистен текст на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Аеродром | Да |
| **3** | Табеларан преглед на пополнети места во Општина Аеродром (вработени на неопределено и вработени на определено време преку Агенции за привремени вработувања) | Да |
| **4** | Табеларен преглед на лица ангажирани по авторски или други договори | Не |
| **5** | Доколку постојат, решенија со кои градоначалникот овластува службени лица од Општина Аеродром да водат управни постапки и да донесуваат решенија (делегирање на овластување) | Да, едно решение/овластување од 18.1.2022 година со кое се овластува едно лице од Одделението за сметководство и плаќања да ги потпишува сите акти од надлежност на Секторот за финансиски прашања |
| **6** | Интерните процедури за услуги кои ги дава Општината, онаму каде што постојат (издавање дозволи, потврди, одобренија и други акти и документи) | Не |
| **7** | Годишни извештаи за пристап до информации од јавен карактер на Општина Аеродром за периодот 2016 – 2021 | Само за 2021година |
| **8** | Годишни извештаи за примени и одговорени претставки и предлози за периодот 2016 –2021 | Да |
| **9** | Доколку постои, список на постапки во кои градоначалникот одлучува по слободна оценка (дискреционо) | Не[6] |
| **10** | Доколку постојат, програми, стратегии или планови за антикорупција/интегритет кои Општина Аеродром ги има усвоено | Не |
| **11** | Лице за заштитено внатрешно пријавување | Да |
| **12** | Интерна процедура за одобрување дополнителна работа на вработените, доколку постои | Не |
| **13** | Список на економски оператори за кои постои можност за судир на интереси кај вработените, доколку постои | Не |

6 Од Општина Аеродром беше доставен одговор дека не постојат постапки во кои градоначалникот одлучува дискреционо.

| | | |
|---|---|---|
| **14** | Годишни планови за јавни набавки за периодот 2016 – 2022 | Да |
| **15** | Годишни извештаи за јавни набавки за периодот 2016 – 2021 | Да |
| **16** | Извештаи од внатрешна ревизија за периодот 2016 – 2021 | Не |
| **17** | Извештаи од Државна ревизија, доколку имало, за периодот 2016 – 2021 | Не |
| **18** | Годишни Буџети и завршни сметки за периодот 2016 – 2022 | Да |

Во рамките на оваа прва активност, прибраните и добиените документи беа детално проучени со цел да се извлечат првични заклучоци околу работата на Општина Аеродром.

**Втората активност**, која се надоврза на првата, беше **спроведувањето на прашалник помеѓу вработените во Општина Аеродром**. Прашалникот беше составен од вкупно 89 прашања и беше дистрибуиран до вработените во Општината. Во прашањата се обрна внимание на водењето на управните постапки, начинот на спроведување на јавните набавки, управувањето со човечките ресурси, антикорупцијата, етиката и интегритетот и слично. Целта на неговото спроведување беше да се добијат дополнителни сознанија кои не можат да се откријат при едноставна десктоп анализа. Прашалникот беше анонимен, односно вработените не го откриваат својот идентитет. Експертскиот тим располага единствено со податокот на кои работни места се наоѓаат вработените кои го пополниле прашалникот, иако не постои податок кој прашалник е пополнет од кое конкретно лице. На прашалникот одговорија вкупно 17 вработени во Општина Аеродром, меѓу кои:

- секретарот на Општина Аеродром;
- 4 раководители на сектори (Сектор за образование, спорт, култура и заштита, Сектор за финансиски прашања, Сектор за правни работи и имот и имотно-правни работи, Сектор за комунални работи, урбанизам и заштита на животната средина);
- 3 помошници-раководители на сектори (Сектор за образование, спорт, култура и заштита, Сектор за финансиски прашања, Сектор за работи на градоначалникот);
- 6 раководители на одделенија (Одделение за односи со јавност и развој и поддршка на интегралниот информациски систем, Одделение за комунални работи и заштита на животната средина, Одделение за јавни набавки, Одделение за инспекциски работи, Одделение за буџетска координација, Одделение за сметководство и плаќања);
- 3 вработени лица во Одделението за јавни набавки, покрај раководителот.

Во моментов од вкупно 17 одговорени прашалници, обработени се 16, а еден не е обработен поради технички проблеми со пристапот.

**Третата активност** беше **спроведување на полуструктурирано интервју.** Полуструктурираното интервју беше спроведено со цел да се расчистат извесни прашања кои се јавија поради неконзистентни одговори на прашалниците. Беа доставени два одговора и тоа од секретарот на Општина Аеродром и од помошникот-раководител на Секторот за финансиски прашања.

Откако се спроведоа сите наведени активности, се премина кон проценка на ризиците кои постојат во Општина Аеродром. Важно е да се нагласи дека не секој од ризиците има ист интензитет, поточно значење по повод интегритетот на Општина Аеродром, а во таа конотација и довербата која граѓаните ја имаат во општината. Затоа секој од ризиците ќе се градира според својот интензитет. Кога станува збор за начинот на градирање или евалуирање на интензитетот на ризиците, во оваа Студија се прифаќа моделот кој го нуди Центарот за граѓански комуникации во Прирачникот за планови за интегритет во јавните набавки,[7] имајќи предвид дека тој е лесно разбирлив и апликативен. Така, интензитетот на еден ризик се цени преку два поединечни индикатори:

- зачестеност (колку често ризикот се појавува во практиката);
- влијание.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Влијание** | Високо (оцена 3) | → | Јавноста/заинтересираните страни целосно ќе ја изгубат довербата во Општината, можно е да се јави критика од медиумите, невладиниот сектор, како и да настане висока економска штета. |
| | Средно (оцена 2) | → | Помал дел од граѓаните ќе ја изгубат довербата во Општината, не постојат големи шанси да постои јавна критика од страна на медиумите, невладиниот сектор и други фактори. Притоа, не постои висока економска штета (не надминува над 1 % од буџетот). |
| | Ниско (оцена 1) | → | Нема влијание на буџетот, а нема ниту сериозно влијание на довербата на граѓаните во Општината. |

7 Види: https://www.ccc.org.mk/images/stories/priracnikmk.pdf (последна посета на 21.3.2022), стр. 47 и 48.

| | | |
|---|---|---|
| **Зачестеност** | Висока (оцена 3) | Ризикот се јавува во голем број ситуации и околности и постојат сознанија дека веќе се случувал во текот на последната година. |
| | Средна (оцена 2) | Ризикот се случил барем еднаш, а постои потенцијал дека тој повторно ќе се случи. |
| | Ниска (оцена 1) | Ризикот може да се случи само во исклучителни ситуации. |

Најинтензивни ќе бидат оние ризици кои често се случуваат (оцена 3 за зачестеност) и имаат сериозен импакт (оцена 3 за влијание). Тие ќе бидат приоритетни кога станува збор за предвидувањето мерки.

# 3

# Детектирани ризици по интегритетот на Општина Аеродром

# 3. Детектирани ризици по интегритетот на Општина Аеродром

## 3.1. Транспарентност

### 3.1.1. Ризик од сомнеж за тенденциозно необјавување информации од јавен карактер

Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер од 2019 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) во членот 10 предвидува дека секој јавен орган (според терминологијата на законот – имател на информации) мора проактивно да објавува информации и документи поврзани со неговото работење на својата веб-страница.

Општина Аеродром ги нема објавено сите информации кои се наведени во Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во продолжение е понуден преглед на објавените наспроти необјавените податоци:

| Информација/документ кој треба да биде објавен | Дали информацијата/документот е објавен |
|---|---|
| **Податоци од надлежностите кои имателот на информации ги извршува, односно кои се утврдени со закон** | Делумно |
| **Основни податоци за контакт со имателот на информации: назив, адреса, телефонски број, број на факс, е-мејл адреса и адреса на интернет страница** | Да |
| **Податоци за функционерот или одговорното лице (биографија, податоци за контакт и друго)** | Да |
| **Основните податоци за контакт со службеното лице за посредување со информации и тоа: име и презиме, е-мејл адреса и телефонски број** | Да |
| **Список на лица вработени кај имателот на информација со позиција, службен е-мејл и службен телефон** | Да |

| | |
|---|---|
| **Законите кои се однесуваат на надлежноста на имателот на информации, поврзани со регистарот на прописи објавени во службеното гласило** | Делумно |
| **Прописите што во рамките на своите надлежности ги донесува имателот на информацијата во вид на подзаконски акт** | Делумно<br><br>Постои секција насловена „Службен гласник" каде можат да се најдат сите изданија на службеното гласило од 2006 до 2022 година. Сепак, пребарувањето низ изданијата на службеното гласило е отежнато, имајќи предвид дека не постои опција да се пребара по клучен збор (search).<br><br>Не постојат пречистени текстови на два витални правилници: Правилник за внатрешна организација (иако е објавен органограм) и Правилник за систематизација на работните места. |
| **Органограм за внатрешна организација** | Да |
| **Стратешки планови и стратегии за работа** | Делумно |
| **Годишни планови и програми за работа** | Не |
| **Годишен буџет и завршна сметка** | Да |
| **Годишни финансиски планови по квартали и програми за реализација на буџетот** | Да |
| **Ревизорски извештај** | Да |
| **Видови услуги кои ги даваат имателите на информации (информации за физичката достапност за остварување на услугите и информации за е-услугите, податоците за законските основи, називот на услугите, документите и податоците потребни за остварување на секоја од услугите, механизмите за правна заштита и други релевантни податоци)** | Делумно. На веб-страницата постои секција насловена „Формулари" каде можат да се најдат дел од обрасците потребни за да се побараат услуги.<br><br>Дополнително, во секцијата „Проекти и документи" постои опција насловена „Урбанизам" каде постојат неколку обрасци.<br><br>Сепак, не постои единствена секција насловена „Услуги" или на сличен начин каде е објавен интегрален список на сите услуги кои Општината ги дава, заедно со обрасците. |

| | |
|---|---|
| **Тарифници за надоместоци за издавање реални акти** | Не |
| **Начинот на поднесување барање за пристап до информации (начин на поднесување усно и писмено барање за пристап до информации, како и барање поднесено по електронски пат)** | Не |
| **Целокупната документација за јавните набавки, за концесиите и договорите за јавно-приватно партнерство** | Не[8] |
| **Предлог на програми, програми, ставови, мислења, студии и други слични документи кои се однесуваат на актите од надлежност на имателот на информации [...]** | Делумно |
| **Извештаи за работа кои ги поднесуваат до органите надлежни за спроведување контрола и надзор** | Делумно |
| **Статистички податоци за работата, како и други информации, акти и мерки со кои се влијае на животот и работата на граѓаните** | Делумно |
| **Други информации кои произлегуваат од надлежноста** | Да |

Самиот факт што постојат информации кои не се објавени на веб-страницата на Општина Аеродром, иако мора да бидат, може да доведе до сомнеж за тенденциозно затскривање кај граѓаните, но и кај заинтересираните набљудувачи (медиумите, граѓанските организации и слично). Тука особено би се спомнал фактот што не се објавени двата есенцијални правилници за работата на Општината; имено, Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места.

Освен тоа, необјавувањето на сите документи и информации не е конзистентно со другите практики на Општината, а особено со напорите за полесна комуникација со граѓаните преку мобилната апликација мЗаедница.[9]

Самиот факт што дел од информациите кои во согласност со позитивното законодавство мора да се објавени сè уште не се дел од веб-страницата на Општината Аеродром доведува до заклучок дека кај граѓаните, но и кај медиумите и невладините организации може да се јави сомнеж дека тие тенденциозно се сокриваат.

8 Поради значајноста на ова прашање во делот за ризици во областа на јавни набавки нему му се посветува посебно внимание.
9 Види: https://mzaednica.mk/ (последна посета на 22.3.2022).

Оттаму, потребно е да се преземат напори на веб-страницата на Општина Аеродром да се објават, на разбирлив и во форма која е лесна за користење (user friendly), сите информации и документи наведени во членот 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Ризикот е оценет на следниот начин:

| | |
|---|---|
| **Влијание** | 1 (ниско) |
| **Зачестеност** | 3 (висока) |
| **Вкупно** | 3 (среден ризик) |

## 3.2. Буџет и управување со средства

### 3.2.1. Ризик од сомнежи за фаворизирање при доделување средства на спортски клубови

Во јануари 2022 година е објавен Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Општина Аеродром – сметка на основен буџет (637).[10] Во овој извештај, Државниот завод за ревизија изразил **неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2020 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики**.

**Според Прирачникот „Вовед во ревизорски извештаи" објавен на веб-страницата на Државниот завод за ревизија, се даваат следниве ревизорски мислења:**

- **Позитивно мислење** – фактичката состојба ги задоволува соодветните стандарди.
- **Мислење со резерва** – ревизорот не се согласува или не е сигурен во една или во повеќе ставки од финансиските извештаи, кои се значајни, но не суштински за разбирање на извештаите.
- **Негативно мислење** – се дава кога ревизорот не е во можност да формира позитивно мислење за финансиските извештаи, поради неусогласеност која е толку суштинска што ја попречува искажаната состојба и – мислењето со резерва е несоодветно.
- **Воздржување од мислење** – ревизорот не е во можност да формира мислење.

10 Извештајот на Државниот завод за ревизија е достапен на: https://dzr.mk/sites/default/files/2022-02/2_42_ELS_Aerodrom_Smetka_osnoven_budzet_637_2021.pdf, а апстракт од овој извештај е достапен на: https://dzr.mk/sites/default/files/2022-02/10_Apstrakt_ELS_Aerdrom_Smetka_osnoven_budzet_637_MKD_2021.pdf (последна посета на 21.3.2022).

Како што може да се види на страница 1 и 2 од од цитираниот Конечен ревизорски извештај за сметка 637, една од основните причини за негативното мислење е тоа што во Општината „критериумите за оценка на барањата за донации и спонзорства се општи и не даваат уверување за оправданоста на доделените средства [...]", а поради тоа 98 % од средствата од Програмата за поддршка на спортот за 2020 година биле наменети за поддршка на спортски клубови, а само 2 % на училиштен спорт.

Дополнително, државните ревизори констатираат дека Општина Аеродром доделила 25 милиони денари за поддршка на кошаркарскиот клуб „МЗТ Аеродром" врз основа на барање за поддршка кое е општо, без програма за работа, активности и износот на средствата за кои се бара финансиска поддршка.

На крајот, се забележува и тоа што, кога станува збор за спортските клубови, од целокупните средства алоцирани за нивна поддршка, дури 90,3 % се исплатени на кошаркарскиот клуб „МЗТ Аеродром", а само 9,7 % на други спортски клубови кои имаат седиште на територија на Општината.

Сепак, и покрај забелешките на државните ревизори за работењето на Општината во 2020 година, речиси идентична практика се забележува и во 2022 година. Имено, на 31.1.2022 година е донесена Одлука на Советот на Општина Аеродром (заверена под број 09-29/9)[11] со која на кошаркарскиот клуб „МЗТ Аеродром" му се доделуваат, врз основа на Барање број 25-402/1 од 21.1.2022 година, 24 милиони денари. Во Одлуката на Советот на Општина Аеродром како правен основ, меѓу другото, се наведуваат и Програмата за поддршка на спортот во Општина Аеродром за 2022 година и Програмата за доделување спонзорства и донации во Општина Аеродром за 2022 година (двете се објавени во „Службен гласник на Општина Аеродром" бр. 21/2021).

Ако се погледнат Програмата за поддршка на спортот во Општина Аеродром за 2022 година и Програмата за доделување спонзорства и донации во Општина Аеродром за 2022 година, повторно ќе се забележат следниве околности:

» кога станува збор за сумата алоцирана за поддршка на спортски клубови, за 2022 година таа изнесува вкупно 30 милиони денари, а со Од-

11 Одлуката е достапна на: http://aerodrom.gov.mk/Upload/Editor_Upload/2022/02/%D0%BE%D0%B4%D0%BB%D1%83%D0%BA%D0%B0.pdf (последна посета на 21.3.2022).

луката под број 09-29/9 од 31.1.2022 година Советот веќе му доделил 24 милиони денари на кошаркарскиот клуб „МЗТ Скопје“ врз основа на негово барање од вкупниот износ за поддршка на спортски клубови во 2022 година, 80 % се доделени на кошаркарскиот клуб „МЗТ Скопје“ уште во месец јануари 2022 година;

» во Програмата за поддршка на спортот во Општина Аеродром за 2022 година не се предвидуваат посебни услови кои мора да се исполнат за спортскиот клуб да добие средства, што остава широк простор за дискреционо одлучување од страна на Советот на Општина Аеродром;
» во точка II.3. од цитираната Програма за поддршка на спортот во Општина Аеродром се наведува дека средства може да се доделат „по доставено барање или по објавен јавен повик“, што значи дека повторно се остава простор средства да се доделуваат без јавен повик, а токму тоа е една од основните забелешки на државните ревизори;
» иако во Програмата за доделување спонзорства и донации во Општина Аеродром се предвидува дека Советот на Општината ќе додели средства во форма на донации и спонзорства по предлог на Комисијата за буџет, финансирање и локален економски развој, повторно недостасуваат подетални услови за доделување парични средства, односно за селекција на тоа кои спортски клубови, на пример, би добиле колкав дел од вкупните средства наменети за поддршка
    • потребно е да се предвидат подетални услови освен обраќањето до Министерството за правда кое потврдува дека спонзорството е од јавен интерес со давање позитивно мислење.

Овие околности доведуваат до постоење **ризик за сомнежи за фаворизирање при доделувањето средства за спортските клубови**. Потребно е Општина Аеродром проактивно да дејствува со цел да ја намали можноста граѓаните да се сомневаат во оправданоста на одлуките за доделување средства.

Имајќи предвид дека ризикот е констатиран од страна на државните ревизори уште во 2020 година, а тој се повторува и во 2022 година, тој е оценет на следниов начин:

| | |
|---|---|
| **Влијание** | 2 (средно) |
| **Зачестеност** | 3 (висока) |
| **Вкупно** | 6 (висок ризик) |

### 3.2.2. Ризик од нереално планирање на буџетските расходи што доведува до нереални очекувања кај жителите

Паралелно со претходно наведениот, Државниот завор за ревизија објавува уште еден извештај за работењето на Општина Аеродром, со кој се контролира друга сметка на основен буџет на Општината. Во Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Општина Аеродром – сметка на основен буџет (630) се истакнува дека Општината нереално ги планира своите приходи и расходи.

Планирањето на расходите е особено значајно од аспект на интегритетот на Општината, бидејќи зацртувањето  премногу високи суми на расходи во буџетите може да доведе до нереални очекувања кај жителите на една општина за капитални проекти.

Така, Општина Аеродром треба во иднина пореално да ги планира расходите, особено капиталните. На пример, во 2021 година таа планирала капитални расходи во висина од 375.533.000 денари, а остварила само 186.613.396 денари. Ваквото отстапување треба да се избегне во иднина, така што при формулирањето на годишниот буџет ќе се поставаат и реални очекувања колку ќе може да се вложи за капитални проекти. Со тоа и ќе се избегне можноста на жителите на Општина Аеродром да им биде ветено, од страна на политичките чинители, нешто што самата единица на локалната самоуправа нема да може да го оствари.

Ризикот е оценет на следниот начин:

| | |
|---|---|
| **Влијание** | 4 (средно) |
| **Зачестеност** | 4 (средна) |
| **Вкупно** | 4 (среден ризик) |

## 3.3. Управни постапки и услуги на странки

### 3.3.1. Ризик од сомнежи за злоупотреба на дискреционите овластувања на градоначалникот

Според одговорите од прашалниците, вработените во Општина Аеродром не се запознаени со случаи во кои градоначалникот има право да донесува

дискрециони акти, односно акти по слободна оценка. Имено, на прашањето „Дали сте запознаени со управни постапки во кои се одлучува по слободна оценка, односно во кои општината има дискрециони овластувања“:

» 10 испитаници го селектирале одговорот „не знам“,
» 5 испитаници го селектирале одговорот „не, такви решенија не се носат во нашата општина“ и
» еден испитаник не селектирал ниту една од наведените опции.

Наспроти тоа, градоначалникот во согласност со позитивните прописи има право да донесува акти по слободна оценка (дискрециони акти). Еден таков пример е донесувањето одлуки за именување вршители на должност (в.д.) директори на училишта. Вакви акти по слободна оценка беа донесени од страна на градоначалникот на Општина Аеродром во 2022 година, конкретно за основното училиште „Љубен Лапе“ на 3.2.2022 година и за основното училиште „Лазо Ангеловски“ на 7.2.2022 година.

Иако употребувањето на ваквите дискрециони овластувања на градоначалникот е законски дозволено, во недостиг на детални интерни процедури во практиката постои поголем простор за субјективизам (или барем сомнеж за субјективизам) и грешки. Тоа само по себе не значи дека постои субјективизам во наведените две одлуки, но не постојат цврсти гаранции дека тоа би било случај во идни вакви прилики.

Следствено, потребно е да се зајакне свеста за постоењето на дискрециони овластувања на градоначалникот, но и да се преземат мерки со цел да се намали просторот (кој самата законска регулатива го остава) за одлучување врз основа на субјективните преференции на градоначалникот, а не во согласност со принципот на заслуги.

При интерното уредување на начинот на кој градоначалникот ги донесува дискреционите акти, треба да се земат предвид одредбите од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2015) и Законот за спречувањето на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 12/2019):

| | |
|---|---|
| **Закон за општата управна постапка (член 5, ст. 3)** | Ако јавниот орган е овластен со закон да решава по слободна оцена, управниот акт треба да биде донесен во границите на законот со кој се дава овластувањето, во согласност со целта за кое е дадено овластувањето и да биде особено образложен. |
| **Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси (член 63, ст. 1)** | Во вршењето дискрециони овластувања секое службено лице е должно одлуките да ги донесува совесно, водејќи сметка за сите факти и околности на конкретниот случај и за начелото на законитост и справедливост. |

Имајќи предвид дека дискреционите овластувања речиси секогаш оставаат простор да се јават сомнежи за субјективизм, како и дека тие речиси редовно се практикуваат од страна на сите единици на локалната самоуправа, па така и Општината Аеродром, ризикот е оценет на следниов начин:

| | |
|---|---|
| **Влијание** | 2 (средно) |
| **Зачестеност** | 2 (средна) |
| **Вкупно** | 4 (среден ризик) |

### 3.3.2. Ризик од сомнежи за корупција поради нецелосна примена на начелото на делегирање на надлежноста за решавање на градоначалникот

Во Општина Аеродром нецелосно се спроведува начелото на делегирање на надлежноста за решавање пропишано во Законот за општата управна постапка од 2015 година.

| | |
|---|---|
| **Закон за општата управна постапка (член 13)** | Во рамки на јавниот орган, надлежноста за решавање на управните работи, по правило, се делегира на службени лица во рамките на органот, соодветно на сложеноста на соодветната управна работа. |
| **Закон за општата управна постапка (член 24)** | (1) Во управната постапка, јавниот орган постапува преку овластено службено лице назначено во согласност со правилата наведени во овој член.<br><br>(2) Ако не е определено со посебен закон или со подзаконски акт, функционерот кој раководи со јавниот орган, односно раководното лице е должно со актот за организација да определени организациона единица надлежна за секој вид на управна работа во негова надлежност.<br><br>(3) Овластеното службено лице ја води и комплетира постапката, ако со закон поинаку не е определено. |

Во Општина Аеродром, во актите за внатрешна организација и систематизација на работните места не е предвидено дека овластените службени лица ја комплетираат управната постапка.

Сепак, во Општината постои делегација на надлежностите за решавање која е спроведена врз основа на одредба од членот 50, ст. 2 од Законот за локалната самоуправа (која е релативно застарена vis-à-vis одредбите од Законот за општата управна постапка), која гласи: „Градоначалникот може да овласти раководен службеник на општината да ја води постапката и да решава во управни работи, како и да потпишува акти“. Имено, на експертскиот тим му беа доставени акти под архивски броеви

- 08-310/1 од 18.1.2022,
- 08-8106/1 од 18.11.2021,
- 08-8060/1 од 17.11.2021,
- 08-8105/1 од 18.11.2021,
- 08-8122/1 од 19.11.2021,
- 08-5202/1 од 30.12.2012,
- 08-226/1 од 13.1.2022,
- 08-943/1 од 9.2.2022,
- 08-7847/1 од 5.11.2021,
- 08-7923/1 од 9.11.2021,
- 08-7854/1 од 5.11.2021,
- 08-7984/1 од 12.11.2021 и
- 08-7855/1 од 5.11.2021

Со овие акти (насловени „овластувања“) се овластуваат повеќе раководни службеници[12] да преземаат работи за решавање во управни работи и да ги комплетираат управните постапки со донесување на акт.

Иако ваквата практика во Општина Аеродром е позитивна, потребно е да се постапи, на подолг рок, во согласност со Законот за општата управна постапка,

12 Раководител на Одделение за сметководство и плаќање, раководител на Сектор за комунални работи, урбанизам и заштита на животната средина, раководител на Сектор за образование, спорт, култура и заштита, помошник раководител на Сектор за комунални работи, урбанизам и заштита на животната средина, раководител на Одделение за комунални работи и заштита на животната средина, раководител на Одделение за урбанизам и подготовка на урбанистички планови, раководител на Одделение за социјална заштита, заштита на децата и заштита и спасување на граѓаните.

така што делегирањето на овластувањето за решавање ќе се спроведе преку измени и дополнувања во актите за внатрешна организација и систематизација на работните места. Со тоа целосно би се оттргнал  каков било сомнеж за субјективно влијание и личен интерес на градоначалникот во донесувањето одлуки во управни постапки.

Имајќи го предвид реченото, ризикот се оценува на следниот начин:

| | |
|---|---|
| **Влијание** | 1 (ниско) |
| **Зачестеност** | 1 (ниска) |
| **Вкупно** | 1 (низок ризик) |

### 3.3.3. Ризик од правна несигурност и невоедначено постапување во управните постапки поради недостиг од интерни процедури

Според одговорите на прашалникот, евидентно е дека во Општина Аеродром не постојат голем број на интерни процедури со кои се уредува начинот на постапување во сите управни работи. Имено, на прашањето „Дали Општина Аеродром има интерни процедури за издавање на управни и реални акти и документи или се постапува по Законот за општата управна постапка и посебните закони?“ дадени се следниве одговори:

- 7 испитаници ја селектирале опцијата „има интерни процедури“;
- 5 испитаници ја селектирале опцијата „не знам“ или воопшто не селектирале одговор;
- 3 испитаници ја селектирале опцијата „нема интерни процедури“;
- 1 испитаник дал невалиден одговор.

Од друга страна, иако интерните процедури кои се усвоени беа побарани од страна на експертскиот тим кој ја подготвуваше оваа Студија за интегритетот во Општина Аеродром, тие не беа доставени.

Следствено, се јавува сомнеж дека интерни процедури постојат за сите постапки каде се потребни, а со тоа и ризик од правна несигурност и невоедначено постапување во управните постапки. Имено, Законот за општата управна постапка и посебните закони не секогаш се доволно концизни, така што е возможно  да се јави различно постапување и решавање помеѓу вработените.

Ризикот е оценет на следниот начин:

| | |
|---|---|
| **Влијание** | 2 (ниско) |
| **Зачестеност** | 2 (ниска) |
| **Вкупно** | 4 (среден ризик) |

## 3.4. Јавни набавки

### 3.4.1. Ризик да се јават сомнежи дека плановите за јавни набавки се менуваат поради субјективни причини

Во Општина Аеродром се забележува практика на повеќекратно менување на плановите за јавни набавки, а особено се воочува дека се случува подоцна во годината да се додаваат нови ставки кои не се предвидени во првичните планови.

Така, на пример, Планот за јавни набавки за 2021 година е изменет вкупно 5 пати, а последната верзија датира од 23.11.2021 година.[13] Заклучно со последната верзија од Планот за јавни набавки, додадени се 20 нови ставки:

- изнајмување на механизација за чистење смет од јавни површини;
- набавка на кујнска опрема за ООУ „Димитар Македонски";
- набавка на училишна облека за учениците во основните училишта на територијата на Општина Аеродром;
- набавка на електрична енергија за потребите на Општина Аеродром;
- одржување хигиена во општинската зграда;
- одржување машини (Husqvarna) за одржување на јавни зелени површини за потребите на Општина Аеродром;
- набавка и поставување лифт за деца со посебни потреби во ООУ „Лазо Ангеловски";
- одржување на јавното осветлување на територија на Општина Аеродром;
- изградба на сервисна улица С1 од урбанистички план за четврт И17;
- одржување улици на територија на Општина Аеродром;
- реконструкција – обнова на дел од улица „Коста Новаковиќ" и паркинзи во ДУП Црква УЕА;

13 Плановите за јавни набавки за 2021 година можат да се видат и да се споредат на: https://e-nabavki.gov.mk//AnnualProcurementPlans/PlanComparer.aspx#/home?id=4fd0d84e-c9bf-4a8c-8266-acaa00c3c04d (последна посета на 21.3.2022).

- изградба на комунална инфраструктура на новопланирана улица 5 во согласност со ДУП Црква УЕБ блок 4;
- набавка на лиценциран софтвер за потребите на Општина Аеродром;
- одржување на системи за полевање јавни зелени површини на територија на Општина Аеродром;
- изградба на дел од паркинг 5.16 во ДУП Црква УЕБ блок 5;
- изградба на новопланирана улица 7 блок 13 во ДУП И11;
- поставување гумена подлога на спортски и детски игралишта;
- изработка на основен проект за општинска управна зграда со позитивен извештај за ревизија на основниот проект и изградба на општинска управна зграда по моделот „клуч на рака“;
- набавка на сол за зимско одржување улици.

Сличен е случајот и со 2020 година, кога Планот за јавни набавки на Општина Аеродром има вкупно 10 верзии (односно, променет е цели 9 пати во текот на годината). Притоа, заклучно со последната верзија од 24.12.2020 година се додаваат 24 ставки во Планот за јавни набавки за 2020 година:

- набавка на електрична енергија за потребите на Општина Аеродром;
- набавка на сол за зимско одржување на улици на територија на Општина Аеродром;
- набавка на специјални машини метлачки за потребите на Општина Аеродром;
- набавка на електрична енергија за потребите на Општина Аеродром;
- одржување машини за косење на јавни зелени површини за потребите на Општина Аеродром;
- одржување училници во ООУ „Ѓорѓија Пулевски“;
- надзор за вршење градежни работи на територијата на Општина Аеродром;
- набавка на машина за чистење со вода под притисок за потребите на Општина Аеродром;
- набавка на хардвер и софтвер за евиденција на работното време за потребите на Општина Аеродром;
- набавка на средства (антиковид) за потребите на Општина Аеродром;
- набавка на систем за видео и физички надзор на работни простории (20 камери и 10 читачи за работно време) за потребите на Општина Аеродром;
- набавка на брендирани заштитни маски за справување од ковид за потребите на Општина Аеродром;
- одржување јавни зелени површини (косење) за територија на Општина Аеродром;

- поставување и обновување на вертикална и хоризонтална сигнализација и направи за смирување на сообраќајот за потребите на Општина Аеродром;
- изнајмување опрема за новогодишно осветлување за потребите на Општина Аеродром;
- набавка на услуги за фасцилитација (подготовка и изработка на стратешки документи на Општината ЛЕР и сл.) за потребите на Општина Аеродром;
- набавка на услуги за архивирање документација и складирање во архивско депо за потребите на Општина Аеродром;
- подготовка на проекти со елаборати за дефинирање на сеизмички параметри за ООУ „Блаже Конески“, ООУ „Браќа Миладиновци“, ООУ „Гоце Делчев“ и ООУ „Ѓорѓија Пулевски“;
- осигурување на објектите на основните училишта за одговорност од предизвикана штета на територија на Општина Аеродром;
- одржување на објектите на детските градинки на територијата на Општина Аеродром;
- одржување и реконструкција на спортски и детски игралишта на територија на Општина Аеродром;
- изградба на детски игралишта на територија на Општина Аеродром;
- набавка, одржување и администрирање на клауд за потребите на Општина Аеродром;
- конкурс за избор на идејно решение за проектирање на управна (општинска) зграда на Општина Аеродром.

Практиката не била различна ниту во претходната 2019 година кога Планот за јавни набавки има пет различни верзии, а од првата до последната верзија се додадени 13 нови ставки:

- поставување вертикална сигнализација, обележување на хоризонтална сигнализација и поставување средства за намалување на брзината на улици на територија на Општина Аеродром;
- санација на клупи, корпи и заштитна ограда на територија на Општина Аеродром;
- изградба на блоковско зеленило – садење грмушести растенија на територија на Општина Аеродром;
- изработка на ревидиран проект за инфраструктура и основен проект за изградба на пречистителна станица за отпадни води во село Долно Лисиче;
- изработка на проекти за изградба на паркови на територија на Општина Аеродром;

- » изработка на проекти за изградба на хидрантска мрежа за полевање на територија на Општина Аеродром;
- » изработка на проекти за обнова и рехабилитација на јавни пешачки површини на територија на Општина Аеродром;
- » набавка на спортска облека за учениците од основните училишта на територија на Општина Аеродром (училишна лига);
- » набавка на спортска опрема за салите во основните училишта на територија на Општина Аеродром;
- » подготовка на проект за поставување фото-волтаици на основните училишта на подрачјето на Општина Аеродром;
- » подготовка на проекти за хортикултурно и партерно уредување на дворовите во основните училишта и детските градинки на подрачјето на Општина Аеродром;
- » разработка на блокови за урбанистички план за село Долно Лисиче и ажурирање на подлогите во извесни блокови;
- » изработка на ревизии на урбанистички план за село Долно Лисиче во извесни блокови.

Ваквата практика упатува на постоењето на ризик граѓаните и релевантните чинители (медиуми, здруженија на граѓани и слично) да се посомневаат дека во Општина Аеродром не постои соодветно планирање на јавните набавки, но и дека плановите, во извесни случаи, се менуваат тенденциозно во насока на фаворизирање на извесни понудувачи во даден временски период. Дотолку повеќе што барем кај еден дел од додадените ставки е тешко да се аргументира дека тие не можеле да се предвидат кога првично се подготвувал соодветниот план за јавни набавки, а тука особено се алудира на случаите кога се предвидува набавување на услуги – одржување  зеленило, набавката на стоки како што е опремата за училиштата, одржувањето и реконструкцијата на училишни објекти и слично.

Оттука, неопходно е да се преземат мерки за соодветно да се објасни зошто плановите се менуваат, но и ваквите објаснувања да бидат достапни за граѓаните на лесен начин.

Ризикот е оценет на следниот начин:

| | |
|---|---|
| **Влијание** | 2 (средно) |
| **Зачестеност** | 2 (средна) |
| **Вкупно** | 4 (среден ризик) |

### 3.4.2. Ризик недоволната транспарентност околу плановите за јавните набавки да доведе до сомнежи за затскривање информации

Иако, во согласност со законската регулатива, плановите за јавни набавки на секој орган се објавуваат на Електронскиот систем за јавни набавки, би претставувала добра практика на Општина Аеродром тие да се објавуваат и на нејзината веб-страница во посебна секција. Во моментот тие се објавуваат единствено во делот насловен „Службен гласник“, како интегрален дел од секое издание на службениот гласник на Општината.

Дополнително, на веб-страницата на Општина Аеродром не е достапен ниту еден извештај за реализација на плановите за јавни набавки.

Поконкретно, во делот од веб-страницата кој е насловен „Јавни набавки“[14] се достапни само План за јавни набавки за 2015 година и План за јавни набавки за 2022 година:




Недоволната транспарентност, особено во поглед на јавните набавки кои се комплексни за оние кои немаат образование и вештини во наведената област, може да доведе до ризик граѓаните да се сомневаат дека тенденциозно се затскриваат информации.

Потребно е да се преземат мерки со цел зголемување на транспарентноста на Општината во контекст на јавните набавки.

14 Види: http://www.aerodrom.gov.mk/dokumenti/javni-nabavki (последна посета на 22.3.2022).

Ризикот е оценет на следниот начин:

| | |
|---|---|
| **Влијание** | 2 (средно) |
| **Зачестеност** | 3 (висока) |
| **Вкупно** | 6 (висок ризик) |

### 3.4.3. Ризик да се јават сомнежи за регуларноста на јавните набавки поради честото поништување

Иако поништувањето на тендер самото по себе не претставува показател за нерегуларности, високиот процент на поништени огласи може да доведе до сомнеж за нерегуларности или, во најмала рака, дека недоволно се спроведува проценка на пазарот пред да се објавуваат огласите.

Така, на пример, во 2021 година Општина Аеродром објавила вкупно 82 огласи, а поништила 28, што значи дека процентот е висок, односно 34 %.

Во 2020 година, пак, поништени се 21 огласи, а објавени се вкупно 99 (процентот на поништени е 21 %).

Во 2019 година биле поништени 18 огласи, а објавени 85 (21 % поништени).

Иако во Електронскиот систем за јавни набавки постои објаснување за секое поништување – од што е видливо дека најголемиот дел од поништувањата се должат на фактот што не била доставена ниту една прифатлива понуда – потребно е Општина Аеродром да воспостави подобра комуникација со граѓаните и подобро да ги образложи причините за поништувањата. Тука особено се зема предвид и претходниот ризик, односно фактот што на веб-страницата на Општина Аеродром не постојат соодветни извештаи за јавните набавки кои би биле лесно разбирливи.

Ризикот е оценет на следниов начин:

| | |
|---|---|
| **Влијание** | 2 (средно) |
| **Зачестеност** | 2 (средноа) |
| **Вкупно** | 4 (среден ризик) |

## 3.5.Човечки ресурси

### 3.5.1. Ризик од непочитување на етичките стандарди во работењето на Општината и ризик дел од вработените да не ги извршуваат своите задачи

Според одговорите на прашалникот, во Општината не постои практика да се одржуваат обуки/тренинзи поврзани со прашања од областа на професионалната етика и интегритет. Освен тоа, во Општина Аеродром не е назначено лице за интегритет.

Поврзано со прашањето за етичко и професионално постапување е и прашањето дали сите вработени во Општина Аеродром се редовно присутни на работното место и доследно ги извршуваат своите задачи. Во таа конотација, резултатите од спроведениот прашалник доведуваат до извесни дилеми. Така, на прашањето „Дали во Општина Аеродром има вработени кои не доаѓаат на работа подолг временски период, независно од причината?“ дадени се следниве одговори:

- 7 испитаници ја селектирале опцијата „да“;
- 5 испитаници не одговориле;
- 4 испитаници ја селектирале опцијата „не“.

На прашањето, пак, „Дали е можно работата на секој вработен во Општината да се измери со квантитативни показатели?“, дадени се следниве одговори:

- 4 испитаници дале одговор „не знам“;
- 2 испитаници не дале никаков одговор;
- 1 испитаник дал одговор „мислам не“;
- 1 испитаник дал краток одговор „да“;
- 2 испитаници дале описен одговор „да, доколку постојат правилници со точно утврдени активности по вработен“;
- 1 испитаник дал одговор „можно е“;
- 2 испитаници дале описен одговор „да, но претходно треба да се постават соодветни норми за работа“;
- 1 еден испитаник дал одговор „не сосема“ и
- 2 испитаници дале одговор „би било можно“.

Ваквата дивергентност на одговорите доведува до сомнеж дека во Општината не секој од вработените доследно ги почитува и ги извршува своите обврски, а дека системот за надзор над работата се сведува на едноставно следење кој од вработените го регистрирал својот влез и излез на работното место, без

притоа да се следи, на соодветен начин, успешноста во работењето. Во корелација со непостоењето стандарди за етичко и професионално однесување, се јавуваат два тесно поврзани ризици: ризик дел од вработените да не се придржуваат до етичките и професионалните стандарди и ризик дел од вработените да не ги вршат своите работи навремено и доследно.

Ризикот е оценет на следниов начин:

| | |
|---|---|
| **Влијание** | 2 (средно) |
| **Зачестеност** | 2 (средна) |
| **Вкупно** | 4 (среден ризик) |

### 3.5.2. Ризик од сомневање дека се ангажираат блиски лица (лица со кои постојат роднински, пријателски, партиски или други релации)

Иако Општина Аеродром не практикува често да вработува лица преку Агенции за привремени вработувања, ниту, пак, да ангажира лица по основ на договор за дело,[15] во практиката може да се јави сомневање дека се ангажираат блиски лица. Тоа се должи на фактот што не постојат интерни процедури во кои би се предвиделе условите за ангажирање  дадени лица по пат на Агенции за привремени вработувања или преку договор за дело. Со други зборови, фактот што во моментот Општината нема ангажирано голем број на лица преку договор за вработување на определено време или договор за дело не значи дека треба да продолжи да егзистира празнина во поглед на уредувањето какви услови ќе треба да бидат исполнети за да се ангажираат лицата во иднина.

Дополнително, ризикот се јавува и поради извесни одредби во Правилникот за систематизација на работните места на Општина Аеродром.

Имено, предвидувањето на несоодветни квалификации како услов за пополнување на извесни работни места во Правилникот за систематизација на Општина Аеродром може да доведе до заклучок кај граѓаните дека самиот акт е така изработен да одговара на профилот на извесни кандидати за вработување. На пример, кај релативно висок број на работни места се предвидува дека може да биде вработено лице со завршено високо образование во облас-

15 Според податоците дадени на полуструктурираното интервју, 7 лица имаат работен однос на определено време (додека трајно вработени се 131 лице), а 4 лица се ангажирани по основ на договор на дело.

та на наука за книжевноста, а тоа не секогаш одговара со потребите за работното место. Кај едно работно место (раководител на Одделение за работи на градоначалникот и локален економски развој) се предвидува потребно образование од сферата на правните науки, економските науки или машинството. Додека е јасно зошто раководителот на Одделението за работи на градоначалникот би можел да има образование од областа на правните или економските науки, изненадува третата алтернатива – завршени студии од областа на машинството.

Следствено, потребно е соодветно ревидирање на дел од бараните квалификации за дадените места.

Ризикот е оценет на следниов начин.

| | |
|---|---|
| **Влијание** | 2 (средно) |
| **Зачестеност** | 1 (ниска) |
| **Вкупно** | 2 (низок ризик) |

4

# Заклучни согледувања

# 4. Заклучни согледувања

Анализата на работењето на Општина Аеродром резултира со детектирање на повеќе ризици, кои, пак, се подвојуваат во повеќе области. Намалувањето на овие ризици е неопходно за да се зајакне интегритетот на Општина Аеродром, а со тоа и да се намалат можностите за пад на довербата на граѓаните. На посреден начин, пак, тоа ќе влијае и на намалување на можностите од корупција.

Мерките и активностите за намалување на детектираните ризици ќе бидат предвидени во Прирачник за интегритетот на Општина Аеродром.